РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5340/2
31-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 99-та седница одржана на ден 30.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-5340/1 од 17.11.2023 година, доставена од познат подносител против --------------------- и ------------------------------- на Клиниката за уво, нос и грло во Скопје, со наводи дека истите наместиле тендер за набавување на кохлеарни импланти, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата.

Предметот со број 12-5340/1 од 17.11.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 17.11.2023 година поднесена е пријава од познат подносител, со укажување дека ------------------- и -------------------------------------- на Клиниката за уво, нос и грло во Скопје, неместиле тендер за јавна набавка на кохеларни импланти на друштво за промет и изработка на ортопедски слушни помагала. На 11.12.2023 година ДКСК преку електронска порака побара од подносителот да ги конкретизира наводите на пријавата за кој што не доби одговор на законски утврдениот рок.

При разгледување на пријавата ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај затоа што нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј., советник

Одобрил: Г.Т, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**